Trainee Development - Platinum

Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА е дел од RSM International, моќна мрежа на ревизорски, даночни и консултантски експерти со канцеларии низ целиот свет. Со над 40 професионалци од најразлични профили и стручни области, подготвени сме да му одговориме на секој предизвик со кој се соочуваат нашите денешни и идни клиенти и партнери.

**РСМ МАКЕДОНИЈА** објавува оглас за работно место **Соработник во сектор сметководство** за канцеларија во Скопје:

**Основните работни задачи за оваа позиција ги опфаќаат следните обврски:**

- Врши оперативни работи поврзани со сметководство – книжење;
- Изработка на обрасци, кои се поднесуваат до надлежните институции (ДДВ пријава, ДБ, Е-ПДД, НД и сл.), согласно насоките од надредените;
- Доставување на подготвените обрасци до надлежните институции;
- Комуникација и преземање на документи од клиенти;
- Организација на технички работи (преводи на документи, проверка на документи од правен аспект и сл.).

**Кандидатот треба да ги исполнува следните критериуми:**

- Високо образование – Економски факултет (насока Сметководство и ревизија се смета за предност);
- Добро познавање на MS Office, посебно на MS Excel;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Работно искуство – не е потребно;
- Тимски играч и способност за комуникација;
- Уредност и посветеност кон детали;
- Работа во куси временски рокови.

**Компанијата нуди:**

- Менторство, поддршка и соработка со одлични колеги и работа во тим од професионалци;
- Можност за долгорочна кариера;
- Постојан професионален раст и развој;
- Можност за обуки за усовршување во областа;
- Шанса да имате значајно влијание врз нашата организација;
- Интересни тимски активности;
- Канцелариски погодности, пијалоци и грицки.

Вашата професионална биографија, ја очекуваме на: hr@rsm.mk, со назнака „За работно место: Соработник во сектор сметководство “.

Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.

*Со аплицирање на оваа работна позиција, се согласувате Друштвото да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Друштвото за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на hr@rsm.mk.